Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Двесте и тринаесеттата седница на Владата на Република Македонија,
одржана на 22 декември 2023 година

Скопје, декември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и тринаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 22 декември 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 16:20 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваше и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Кренар Лога, министер за правда, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 9 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност (вкупно 5 моторни возила)

2. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година

3. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година

4. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2023 година

5. Предлог-програма за изменување на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2023 година

6. Предлог-програма за изменување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2023 година.

7. Кадровски прашања

8. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда-Инспекторат за употреба на јазиците (ПМВ „митсубиши“).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавна здравствена установа Здравствен дом Македонски Брод (ПМВ „фиат линеа“).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Царинска управа (ПМВ „голф“).

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Крушево (ПМВ „нисан патрол“).

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за национална безбедност (ПМВ „БМВ Х5“).

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за образование и наука (ПМВ „пежо 308“).

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Клинички болница Тетово (ПМВ „ауди А6“).

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје (ПМВ „голф“).

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Фонд за иновации и технолошки развој (ПМВ „БМВ“).

10. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје.

11. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда.

12. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за информатичко општество и администрација.

13. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

14. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година.

**Точка 3**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година.

**Точка 4**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2023 година.

**Точка 5**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2023 година.

**Точка 6**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2023 година.

**Точка 7**

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за прераспределба на средства обезбедени во Програма 2-спорт, Потпрограма 2А-спортски објекти, од ставка 482-други градежни објекти на ставка 488-капитални дотации до ЕЛС.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:25 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**